У5.бр.1232/21
У5.БР.1233/21

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Димитрула Апостоловска- претседател на совет, Валентина Конеска и Билјана Никодиновска Петровска - членови на советот, со записничар Едита Исахи - помлад судски соработник, одлучувајќи по жалбата на заинтересираното правното лице ГЕПАРД ВИС од Нови Сад Р.Србија изјавена преку полномошник Дејан Славковски адвокат од Скопје против пресудата на Управниот Суд Скопје У5.бр.1232/21 и У5.бр.1233/21 од 17.08.2021година седницата одржана на ден 14.10.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ КОНСТАТИРА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА Жалбата на заинтересираното правно лице ГЕПАРД ВИС од Нови Сад Р.Србија изјавена преку полномошник Дејан Славковски адвокат од Скопје против пресудата на Управниот Суд Скопје У5.бр.1232/21 и У5.бр.1233/21 од 17.08.2021година.

О б р а з л о ж е н и е

Заинтересираното правно лице ГЕПАРД ВИС од Нови Сад Р.Србија преку полномошник Дејан Славковски адвокат од Скопје поднесе жалба против пресудата на Управниот Суд Скопје У5.бр.1232/21 и У5.бр.1233/21 од 17.08.2021година.

На ден 02.09.2021 година Заинтересираното правно лице ГЕПАРД ВИС од Нови Сад Р.Србија преку полномошник Дејан Славковски адвокат од Скопје достави поднесок со кој ја повлекува поднесената жалба против пресудата на Управниот Суд Скопје У5.бр.1232/21 и У5.бр.1233/21 од 17.08.2021година, поради економичност на постапката.

Согласно член 72 став 1 од Законот за управни спорови, Странката може да се откаже од правото на жалба, од моментот кога е објавена пресудата или кога пресудата не била објавена, од моментот кога ќе се достави преписот на пресудата. Согласно став 2 од истиот член на на Законот, До донесување на одлуката на второстепениот суд по жалбата, странката може да се откаже од веќе изјавената жалба. И Согласно став 3 од истиот член на Законот , Одрекувањето од правото на жалба и откажувањето од поднесената жалба мора да биде изрично и не може да с еотповика. Тужениот орган, донел решение за присилна наплата на данок на имот за 2019 година во износ од 4.383,00 денари.

Со оглед дека Заинтеересираното правно лице ГЕПАРД ВИС од Нови Сад Р.Србија преку полномошник Дејан Славковски адвокат од Скопје достави поднесок со кој ја повлекува поднесената жалба против пресудата на

Управниот Суд Скопје У5.бр.1232/21 и У5.бр.1233/21 од 17.08.2021година, поради економичност на постапката, Судот одлучи како во изреката на решението.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВНИОТ СУД на ден 14.10.2021 година, под У5.1232/21 и У5.1233/21

Записничар – помлад судски соработник
Едита Исахи

Претседател на советот - Судија
Димитрула Апостоловска

Пресудата да се достави до:
- тужител-
- тужениот орган
- заинтересирано лице- полномошник

Претседател на советот - Судија

Димитрула Апостоловска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
9
SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник

1